**20252474795**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕТВОРАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПО ОСНОВ НА ЈАВНИ ДАВАЧКИ ВО ТРАЕН ВЛОГ ВО ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ОБЈЕКТИТЕ ЗА СПОРТ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА – СКОПЈЕ

Се прогласува Законот за претворање на побарувањата на Република Северна Македонија по основ на јавни давачки во траен влог во Јавното претпријатие за стопанисување со објектите за спорт во сопственост на Република Македонија - Скопје,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 3 декември 2025 година.

Бр. 08-6803/1
3 декември 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ПРЕТВОРАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПО ОСНОВ НА ЈАВНИ ДАВАЧКИ ВО ТРАЕН ВЛОГ ВО ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ОБЈЕКТИТЕ ЗА СПОРТ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ

Член 1

Со овој закон се уредува постапката за претворање на побарувањата на Република Северна Македонија по основ на јавни давачки во траен влог во Јавното претпријатие за стопанисување со објектите за спорт во сопственост на Република Македонија - Скопје.

Член 2

(1) Побарувањата на Република Северна Македонија по основ на јавни давачки од Јавното претпријатие за стопанисување со објектите за спорт во сопственост на Република Македонија - Скопје, во смисла на овој закон, се побарувањата по основ на придонеси за задолжително пензиско и инвалидско осигурување, придонеси за задолжително здравствено осигурување, осигурување за случај на повреда на работа и професионално заболување, задолжителен придонес за осигурување во случај на невработеност и данок на личен доход.

(2) Каматите и побарувањата по основ на придонеси за задолжително пензиско и инвалидско осигурување, придонеси за задолжително здравствено осигурување, осигурување за случај на повреда на работа и професионално заболување, задолжителен придонес за осигурување во случај на невработеност и данок на личен доход од ставот (1) на овој член, ќе се пресметуваат до денот на влегувањето во сила на овој закон.

(3) Висината на главниот долг и каматите од ставовите (1) и (2) на овој член, со записник ја утврдуваат претставници на органите на државната управа или друг надлежен орган или институција која води евиденција за утврдување и наплата на јавната давачка и претставници на Јавното претпријатие за стопанисување со објектите за спорт во сопственост на Република Македонија - Скопје.

Член 3

(1) Сите државни органи и институции, чии побарувања се претвораат во траен влог во Јавното претпријатие за стопанисување со објектите за спорт во сопственост на Република Македонија - Скопје, како придонеси за задолжително пензиско и инвалидско осигурување, придонеси за задолжително здравствено осигурување, осигурување за случај на повреда на работа и професионално заболување, задолжителен придонес за осигурување во случај на невработеност и данок на личен доход, ги пренесуваат на Владата на Република Северна Македонија, без надоместок.

(2) Меѓу државните органи и институции, чии побарувања се претвораат во траен влог во Јавното претпријатие за стопанисување со објектите за спорт во сопственост на Република Македонија - Скопје, се склучуваат договори за пренесување на побарувањата.

Член 4

(1) Постапката за претворање на побарувањата на Република Северна Македонија по основ на траен влог во Јавното претпријатие за стопанисување со објектите за спорт во сопственост на Република Македонија -Скопје, се врши со упис на износот на трајниот влог во Јавното претпријатие за стопанисување со објектите за спорт во сопственост на Република Македонија - Скопје, во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

(2) По исклучок на ставот (1) на овој член, постапката за претворање на побарувањата на Република Северна Македонија за износот на трајниот влог во Јавното претпријатие за стопанисување со објектите за спорт во сопственост на Република Македонија - Скопје по основ на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување, се врши со денот на уплата на долгуваниот износ на Јавното претпријатие за стопанисување со објектите за спорт во сопственост на Република Македонија -Скопје, кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, од страна на Владата на Република Северна Македонија.

Член 5

(1) По уписот на трајниот влог на Јавното претпријатие за стопанисување со објектите за спорт во сопственост на Република Македонија - Скопје во Централниот регистар на Република Северна Македонија, престануваат правните обврски на Јавното претпријатие за стопанисување со објектите за спорт во сопственост на Република Македонија - Скопје по основ на главниот долг, каматите и другите споредни побарувања, согласно со членот 2 ставови (1) и (2) од овој закон.

(2) По извршениот упис на трајниот влог во Јавното претпријатие за стопанисување со објектите за спорт во сопственост на Република Северна Македонија - Скопје, Владата на Република Северна Македонија ќе ги извести за истото органите на државната управа и институциите кои водат евиденции за побарувањата кои се претвораат во траен влог во Јавното претпријатие за стопанисување со објектите за спорт во сопственост на Република Македонија - Скопје, со цел државните органи и институции да го спроведат претворањето во траен влог во своите евиденции, во согласност со законите.

Член 6

Претворањето на побарувањата на Република Северна Македонија во траен влог во Јавното претпријатие за стопанисување со објектите за спорт во сопственост на Република Македонија - Скопје, по која било правна основа, не може да биде на штета на побарувањата на трети лица кои тие ги имаат кон Јавното претпријатие за стопанисување со објектите за спорт во сопственост на Република Македонија - Скопје.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.